**ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ**

**од седницата на**

**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

одржана on-line - преку платформата ZOOM, на 21.7.2020 година (11:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа (понатаму Совет) втора во текот на 2020 година, поради актуелната состојба предизвикана од глобалната пандемија на COVID-19, се одржа on-line користејќи ја платформата за организирање на виртуелни состаноци Zoom. Седницата ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 11 (единаесет) членови, по што е констатирано дека Советот има кворум за работа и може да дискутира и одлучува по прашањата од предложениот дневен ред.

**Дневен ред** на Седницата:

1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 24.12.2019 година;
2. Информација за доделување на Националната награда за најдобра пракса за БЗР за 2019 година;
3. Извештај за реализирани активности согласно Стратегијата и Акцискиот план за БЗР, до крајот на 2019 година;
4. Актуелни состојби, активности и информации;
5. Разно

**1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 24.12.2019 година**

Записникот од Седницата на Советот за БЗР која се одржа на 24 декември 2019 година беше едногласно и без забелешки усвоен од страна на членовите на Советот.

**2. Информација за доделување на Националната награда за најдобра пракса за БЗР за 2019 година**

Беше донесен заклучок, постапката за доделување на Наградите на компании со најдобра пракса во областа на безбедност и здравје при работа за 2019 година, да се продолжи од септември оваа година, се разбира доколку условите и тековните состојби поврзани со COVID-19 пандемијата го дозволат тоа. Во септември 2020 година би се формирале потребните комисии од стручни лица – експерти по безбедност при работа и медицина на трудот, кои ќе го извршат рангирањето на компаниите што се имаат пријавено на повикот. Рангирањето и оваа година ќе се изврши со примена на моделот за оценка на имплементацијата на системите за БЗР во компаниите, развиен на Машинскиот факултет во Скопје, кој ќе обезбеди поголема објективност и транспарентност на процесот. Наградите на најдобро рангираните компании, доколку биде возможно, би се доделиле во рамките на одбележувањето на Европската недела за БЗР, во октомври оваа година.

**3. Извештај за реализирани активности согласно Стратегијата и Акцискиот план за БЗР, до крајот на 2019 година**

Во рамките на оваа точка се заклучи, откако Извештајот ќе биде комплетиран со преостанатите информации и податоци, да се достави уште еднаш до сите членови на Советот кои ќе имаат можност во одреден временски рок, финално да го разгледаат и електронски, доколку има потреба да дадат дополнителни коментари, забелешки, надополнувања и сл. По тој рок Извештајот ќе биде финализиран и (по електронски пат) усвоен од страна на Советот за БЗР, по што ќе биде и објавен на web-страната на Министерството за труд и социјална политика.

**4. Актуелни состојби, активности и информации.**

Во овој дел од Седницата, беа презентирани и дискутирани одредени активности и дејствија реализирани од страна на организациите/институциите/здруженијата претставени во Советот, во текот на овој изминат неколку месечен период, кој се карактеризираше пред сѐ со настаните поврзани со пандемијата на COVID-19 и ризиците од ширење на заразата со новиот коронавирус (SARS-CoV-2). Во таа насока, претставниците презентираа повеќе релевантни информации:

- Информирање на членовите за активностите и превземаните мерки, пред сѐ за превенција и заштита од ширење на вирусот, од страна на факултетите кои реализираат студиски програми од областа на безбедност и здравје при работа. Членовите на Советот беа информирани за начините на прилагодувањето на високото образование и факултетите на новонастанатата ситуација, во делот на организирањето на on-line наставата, организирањето на испитите, одбраните на дипломски и магистерски трудови и сл.

- Претставник од МТСП, членовите на Советот ги запозна со плановите на МТСП за продолжување на отпочнатите активности и процеси поврзани со законските измени во делот на БЗР, за што е побарано да се обезбеди финансиска поддршка од меѓународни партнери, како и за процесот на подготовка на нова Стратегија и Акциски план за БЗР, за периодот после 2020 година, имајќи во предвид дека на тековните документи им истекува важноста.

- Претставникот од здруженијата на професионалци од областа на безбедност при работа, информираше за бројните активности во изминатиот период насочени пред сѐ кон подигнувањето на свеста за самата пандемија и превенцијата од ризиците поврзани со пандемијата на работните места.

- Се разви и дискусија во однос на постапката на донесувањето на новиот Правилник со листата на професионални болести, со кој болеста предизвикана од новиот коронавирус е признаена како професионално заболување, но кај само една издвоена група на вработени, т.е. кај здравствените работници. А тоа не е соодветно решение имајќи во предвид дека има и голем број на други работници и професии, дејности, па и цели сектори, кои се исто така директно изложени на ризикот од заразување со овој вирус на своите работни места. По ова прашање, Советот заклучи да се достави допис до Министерството за здравство во кој би се истакнал ставот на членовите на Советот за безбедност и здравје при работа за тоа дека е потребно ревидирање на неодамна донесениот Правилник за листата на професионални болести и тоа во делот на вклучувањето на инфективното заболување COVID-19 предизвикано од коронавирусот на листата, со тоа што наместо како што е сега за ограничена група на вработени (здравствените работници), би биле опфатени и други работници кај кои постои и може да се докаже ризик од зараза. Секако, со пропишување на соодветни услови и критериуми за тоа, што би требало да произлезе преку една сеопфатна дебата и размена на искуства и мислења со сите стручни лица од сите области кои можат да дадат придонес.

- Членовите на Советот беа информирани за новите содржини со кои во текот на изминатиот месец беше збогатена web-страната на Министерството за труд и социјална политика, а се однесуваат на областа „безбедност и здравје при работа“. Изготвено е сосема ново мени (секција) посветено на БЗР, со повеќе подменија на кои може да се пристапи до различни информации, документи и содржини од областа (http://www.mtsp.gov.mk/bezbednost-i-zdravje-pri-rabota.nspx). Посебен дел е посветен и на Советот за БЗР, каде понатаму ќе се објавуваат информации и содржини поврзани со функционирањето на ова тело.

- Присутните на Седницата беа информирани и за активностите на МТСП во изминатиот период во однос на соработката со Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) и делувањето на министерството како контакт точка (focal point) на Агенцијата (одржаните состаноци, споделуваните информации и документи, дискутираните прашања и сл.).

- Претставникот од Државниот инспекторат за труд, на кратко информираше за активностите на ДИТ и трудовите инспектори, кои заедно со другите инспекторати под капата на Инспекцискиот совет беа на едни од најистурените позиции и секојдневно активни на терен за цело време на траењето на вонредната состојба, но и после тоа, пред сè во насока на обезбедување на почитувањето на сите мерки и препораки поврзани со моменталната ситуација.

- Претседателката на Советот иницираше дискусија и за прашање кое се појавило неодамна, а се однесува на тоа дали трошоците за тестирање на вработените за COVID-19 се признаени трошоци на компанијата за целите на данок на добивка. Се заклучи, Министерството за труд и социјална политика, повикувајќи се на заклучок од Седница на Советот за БЗР, да достави допис до Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, за неопходноста од признавање на трошоците на компаниите за тестирање на своите вработени од COVID-19, за потребите на данокот на добивка, имајќи во предвид дека основ за такво нешто може да се најде и во Законот за безбедност и здравје при работа (член 22 став 7).

Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*